35/2001

Сиг. 0803-1

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА** 01-06-2001
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМА НА СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Инв. Бр. 2/4

# *ОБРАЗОВЕН ПРОФИЛ*

# *ПОМОШНИК АВТОМЕХАНИЧАР*

СКОПЈЕ

**Скопје, април 2001 година**

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на струката:** МАШИНСКА

**1.2. Назив на образовниот профил:** помошник автомеханичар

**1.3. Времетраење на образовниот профил:** три години за двегодишно образование

**1.4. Опфатени образовни профили:**

| **Ред. бр.** | **И м е** |
|---|---|
| 1. | помошник автомеханичар |

# 3. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ НА КОИ СЕ ГРАДИ ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ (ПРЕДУСЛОВИ И БАРАЊА)

**3.1. Влез**

**3.1.1. Основен влез:** завршено основно образование

**3.1.2. Дополнителни влезови:** под посебни услови согласно Законот.

**3.2. Инфраструктура на образовниот профил**

**3.2.1. Место на реализација и глобални услови**

Во училница, кабинети, специјализирани училници, училишни работилници, претпријатија од машинска дејност, сервиси за одржување на хигената на моторните возила, сервиси за одржување на пневматиците, сервиси за одржување на моторните возила.

**3.2.2. Начин на реализација**

Воспитно-образовната работа се реализира преку предавања, практични вежби, демонстрации, домашни задачи, индивидуално, апрактичната настава е под надзор на инструктори и ментори.

**3.2.3. Опрема и наставно-технички средства и помагала**

Во текот на воспитно-образовната работа се користи: графоскоп, проектор, телевизор, фотокопир, компјутер, видео, слајдови, алати, шеми на моторни возила, слики на моторни возила, пропаганден материјал.

Работилниците во рамките на училиштето треба да се опремени со комплет клучеви за секој ученик, лепенки и лепила за лепење на оштетени гуми, комплет клешти, рачни дигалки, разни видови тркала од моторното возило

Доколку не постојат такви услови во училишната работилница, практичната работа се изведува во сервиси за моторни возила, сервиси за дневно одржување на хигената на моторните возила, под водство на инструктор или ментор.

## 4. ОПИС НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ

### 4.1. Попис на работните задачи

Помошникот автомеханичар може:
- да го подготвува алатот и приборот;
- да помага при менување на тркала кај моторните возила;
- да ги подготвува гумите за лепење;
- да чисти замастени делови од моторните возила;
- да ја одржува хигената во внатрешноста на моторното возило;
- да ја одржува дневната нега на моторните возила;
- да менува масло во моторот, менувачот за брзини и диференцијалот;
- да го променува филтерот за воздух и масло;
- да ја проверува и променува разладната течност во ладилникот;
- да ја проверува течноста во системот за сопирање.

### 4.2. Подрачја на работа

Образовниот профил помошник автомеханичар се вклучува во подготвителните работи за демонтирање и монтирање на тркала, подготвување на гумите од моторните возила за лепење, лепење на гуми и провека на залепените гуми.

Помошникот автомеханичар ја врши работата на едно место и/или на повеќе места со клечење, лежење и стоење.

### 4.3. Општи способности

Помошникот автомеханичар има способности за:
- едноставни просторни релации;
- временско и просторно ориентирање;
- чувство за безбедност.

### 4.4. Стручни способности

Образовниот профил автомеханичар треба:
- да има визуелна претстава;
- да ракува со алатите за монтирање и демонтирање на гуми;
- да ги подготвува алатите за работа;
- да го одржува алатот и приборот;
- да ја одржува хигената на работното место;
- да користи хигено-технички заштитни средства.

## 5. ЦЕЛИ НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ

### 5.1 Општообразовни цели

Помошникот автомеханичар ги користи знаењата и вештините од мајчиниот јазик за усмено и писно комуницирање во рамките на своите можности. Поседува елементарни знаења од математика кои се потребни за совладување на стручното образование.

### 5.2. Стручнообразовни цели

#### 5.2.1. Знаења (когнитивно однесување)

Помошникот автомеханичар е оспособен:
- да ги познава видовите рачен алат и прибор;
- да го одржува алатот и приборот;
- да ги применува знаењата од заштита при работа.

#### 5.2.2. Умеења (психомоторно однесување)

Помошникот автомеханичар умее:
- да демонтира тркала од моторните возила;
- да ги одржува алатите и уредите во исправна состојба;
- да ја одржува хигената на работното место;
- да воспоставува комуникација во работната средина во рамките на своите можности.

#### 5.2.3. Ставови (афективно однесување)

**а) Однос кон работата и средствата за работа:**

- да покажува позитивен однос кон работата и средствата за работа;
- да го чува алатот, приборот и апаратите;
- да одржува хигиена на работното место;
- да применува соодветни хигиено - технички заштитни средства;
- да го почитува на работното време.

**б) Однос кон соработниците и клиентите**

Да покажува позитивен однос кон работата и соработниците.

**в) Однос кон претпоставените**

Професионален однос кон претпоставените:
да покажува позитивен однос кон работата и претпоставените.

# 6. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

## 6.1. Содржина на образованието

Во процесот на образованието помошник автомеханичарот треба да се здобие со знаења и умеења од областа на ***мајчиниот јазик*** во рамките на своите индивидуални можности за усна и писмена комуникација. Наставните содржини од ***математика*** се во функција на струката, а содржините од наставниот предмет ***граѓани за демократија*** се од посебно значење за овие ученици и се во функција на социјализацијата.

Наставните предмети: ***технологија на обработката, машински елементи со техничко цртање, моторни возила и практичната настава*** се во функција на стручно оспособување на учениците.

Наставните предмети се структуирани според педагошко-психолошките принципи на последователност, меѓусебна логичка поврзаност од што произлегува логичката последователност на учењето и се прилагодени, пред сé на хендикепот на учениците.

## 6.2. Методи на образовниот процес

Согласно целите на наставните предмети за образовниот профил ***помошник автомеханичар*** се применуваат следните наставни методи: фронтална, активна демонстрација на наставникот, индивидуално и работа во групи, гледање на видеоснимки и др.

## 6.3. Активности (на учениците и на наставниците) во образовниот процес

Целокупниот воспитно-образовен процес за овие ученици, пред сé се потпира на нагледност, бидејќи нивното мислење е на конкретно ниво. Од тие причини набљудувањето има посебно значење во наставата. Исто така, тие прибележуваат, читаат, ги применуваат стекнатите знаења за релации, учат во рамките на своите можности, изработуваат домашни задачи, посетуваат фирми од машинската дејност, изработуваат едноставни операции значајни за стручното оспособување на помошник бравар-лимар и сл.

Во текот на воспитно-образовната работа **наставниците** ги преземаат следните активности: објаснуваат, демонстрираат, пишуваат и цртаат на табла, читаат, поставуваат прашања, опишуваат, даваат упатства, споредуваат, ***мотивираат***, инструираат и сл.

## 6.4. Наставни средства и помагала

Во отсуство на посебни учебници, наставниците треба да подготвуваат прилагодени наставни материјали што произлегуваат од соодветните учебници за струката. Најголемото прилагодување се однесува на јазикот и стилот со вешто избегнување на апстрактните поими. Исто така, треба да користат практикуми и дневници за практична настава и вежби.

**6.5. Организациски облици на наставата**

Основните организациски облици на наставата се определени со Концепцијата за средно стручно образование за хендикепирани ученици.

**6.6. Обем на потребното наставно време**

Вкупно наставни часови: 2412 часа три учебни години
Општо образование: 540 часа
Стручно образование: 576 часа
Практична настава :1296 часа

**6.7. Организација на времето**

**а) Целогодишна организација (континуиран распоред)**

Воспитно-образовната работа за овој профил е определена со училишниот курикулум. Се реализира континуирано со две тримесечја и две полугодија во текот на 3 учебни години.

**б) Периодична организација**

/

**6.8. Наставен план**

Наставниот план за образовниот профил **помошник автомеханичар** е како прилог на овој документ.

## 7. ОЦЕНУВАЊЕ

Постигањата на учениците се проверуваат усно, писмено и практично, но притоа се имаат предвид нивните можности за учење со оглед на природата на нивниот хендикеп.

## 8. ДОКУМЕНТИ

**8.1. Сертификати:** Свидетелства за успешно завршени години
**8.2.** Уверение за стручна оспособеност

## 9. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ

**9.1. Датум на изработката:** 7. 04. 2001 година
**9.2. Институција - носител на изработката**: Биро за развој на образованието
**9.3. Одговорно лице**: Невена Пачемска- самостоен педагошки советник за специјално образование- Биро за развој на образованието- Скопје

**9.4. Состав на работната група:**

1. Невена Пачемска- советник за специјално образование- Биро за развој на образованието- Скопје
2. Виолета Грујевска - советник за стручно образование - Биро за развој на образованието- Скопје
3. Тодор Тодоровски- наставник по практична настава ЦРИО "Св. Наум Охридски" Скопје
4. Зоран Ѓошевски, дипл. маш. инж. Севис "Микеи" - Скопје

## 10. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ

**Датум на започнување:** 1.09.2001 година

## 11. ОДОБРУВАЊЕ НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ ПОМОШНИК АВТОМЕХАНИЧАР

Образовниот профил помошник автомеханичар го донесе: ______ __________________________________________________ со решение број _________________ од_________________ година

# НАСТАВЕН ПЛАН

**Струка**: машинска
**Образовен профил:** помошник автомеханичар
**Занимање**: помошник автомеханичар
**Времетраење на образованието**: три години години
за двегодишно образование

| **Ред. број** | **Програмски подрачја** | **Година и фонд на часови** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **I** | | **II** | | **III** | | |
| | | **нед.** | **год.** | **нед** | **год.** | **нед** | **год.** | |
| *1.* | ***Општо образование*** | *5* | ***180*** | *6* | ***216*** | ***4*** | ***144*** | |
| 1.1 | Мајчин јазик со литература и комуникации | 3 | 108 | 2 | 72 | 2 | 72 | |
| 1.2 | Граѓани за демократија | - | - | 2 | 72 | 2 | 72 | |
| 1.3. | Математика | 2 | 72 | 2 | 72 | - | - | |
| ***2.*** | ***Стручно образо-вание*** | ***6*** | ***216*** | *7* | **252** | ***3*** | ***108*** | |
| 2.1. | Технологија на обработка | 3 | 108 | 3 | 108 | - | - | |
| 2.2. | Машински елементи со техничко цртање | 3 | 108 | 2 | 72 | - | - | |
| 2.3. | Мотори и моторни возила | - | - | 2 | 72 | 3 | 108 | |
| ***3.*** | ***Практична обука*** | ***9*** | ***324*** | ***10*** | ***360*** | *17* | **612** | |
| 3.1. | Практична настава | 9 | 324 | 10 | 360 | 17 | 612 | |
| | ***Вкупно часови (1+2+3)*** | ***20*** | ***720*** | ***23*** | ***828*** | ***24*** | ***864*** | |
| ***4.*** | ***Задолжителни активности*** | | | | | | | |
| 4.1. | Спорт и спортски активности | - | 72 | - | 72 | - | 72 | |
| 4.2. | Активности од об-ласта на културата | - | 72 | - | - | - | - | |
| ***5.*** | ***Слободни часови на училиштето*** | | до 72 | | до 72 | | до 72 | |